# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 2 | КОЧАНИ | 26 февруари | 2025 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|---|---|


Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 26.02.2025 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 26.02.2025 година, и тоа:

1. Програма за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2025 година, Бр.09-383/1
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за комуникација на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-385/1
3. Одлука за сопствено учество - кофинансирање на проектот „Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР)“ , Бр.09-378/1
4. Одлука за давање согласност за примање донација од КЈП„Водовод“- Кочани- Основен проект за атмосферска канализациона мрежа за дел од Град Кочани (северно од Фабриката Руен и Атом) , Бр.09-379/1
5. Одлука за давање согласност за примање донација од Друштво за трговија и услуги ЕЛЕКТРИКА ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, Бр.09-380/1
6. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за давање на трајно управување и користење без надомест на движни ствари на КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09-381/1
7. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за давање на трајно управување и користење движна ствар две фотоволтаични централи со моќност од 440kw и 120kw и опрема за намалување на загубите за вода, на КЈП „Водовод“- Кочани, без надоместок, Бр.09-382/1
8. Одлука за дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-384/1
9. Одлука за дополнување на Одлуката за давање на трајно користење, одржување и управување, без надоместок на објект „Детелинки“ со седиште во Кочани на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани, општина Кочани, Бр.09-386/1
10. Одлука за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2025, Бр.09-387/1
11. Заклучок за давање позитивно мислење на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Малина Попиванова“- Кочани Бр.09-375/1
12. Заклучок за давање согласност на Одлука за измени и дополнување на статутот на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани Бр.09-376/1

13. Заклучок за давање позитивно мислење на Програми за изведување ученички екскурзии и други слободни ученички активности во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани во учебната 2024- 2025 година, Бр.09-377/1
14. Заклучок во врска со Извештај за работењето на Надзорно тело за вршење мониторинг и давање поддршка при реализација на Програмата за јавна чистота и третманот на отпад на територија на општина Кочани, изнесен усно на седницата, Бр.09-388/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-389/1
26.02.2025 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

ПРОГРАМА

за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2025 година

I.

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2025 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр14/2024), се вршат следните изменувања:

Во Точка 2: **Која гласи обем на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште**

**Алинеа 1 која гласи:** Ќе се изврши експропријација на дел од парцели за улиците и главен фекален колектор 1и 2 за отпадни води: дел од ул.„Стефка Тасева“ КО Кочани,...

**Се менува и гласи: На крајот од Алинеа 1 по запирката се додава:** експропријација за атмосферска канализациона мрежа за град Кочани северно од фабрика Руен и поранешен Атом КО Кочани, ул. „Скоевска“-Кочани, крак од ул. „1-Мај“ - Кочани, ул. „554“ и „555“ - Кочани, дел од ул. „Роза Петрова“ -Кочани, дел од ул. „Петар Синадинов“ во м.в. „Прокарка“-Кочани, ул.„Стево Теодосиевски“-Кочани, Стамбена ул.10-Кочани од ГЧ6, Пристапна ул. Пр-14-Кочани од ГЧ6, крак од ул. „Гемиции“-пешачка улица (Широка) -Кочани, Пристапна ул. 1-Кочани од ГЧ9, Пешачка ул. 8 –Кочани од ГЧ9, Станбена ул. 9 –Кочани од ГЧ9, Станбена ул. „Петровденска“ – Кочани од ГЧ6, Пристапна ул. „Петровденска“- Кочани од ГЧ6, дел на ул. „Вера Которка“ –Кочани, дел на ул. „Јане Сандански“ – Кочани, крак на ул. „Шукри Шаин“ – Кочани, ул. „524“ –с.Оризари, Пешачка ул. П-1 од КП 4094 до КП 4054/1 –с.Грдовци, Сервисн ул. „Новопроектирана“ 4 –Кочани, Сервисна ул. Новопроектирана 5 –Кочани, Сервисна ул. Новопроектирана 6 –Кочани, Сервисна ул. Новопроектирана 7 –Кочани, дел на ул.„Скопска“ –Кочани, дел на ул. „Страшо Ербапче“ –Кочани, дел на ул. „Стево Теодосиевски“ –Кочани, дел на ул. „Боро Ефремов“ –Кочани, ул.„Крпошово Востание“ – Кочани, ул. „Индустриска“ –Кочани, дел од ул. „Ило Андонов“ –с.Оризари, ул. „Кристијан Карпош“ –с.Оризари, дел на ул. „Лазар Стоименов“ –с.Оризари, Ескпропријација за реализација на патот с.Оризари - Манастир на Пресвета Богородица, Експропријација за реализација на локален пат с.Крушка-Ајдар, ул. „Мите Стојчев“ – с.Тркање, ул.„Тоде Паунов“ – с.Долни Подлог, Експропријација за реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за главен колектор за поврзување на Виница и селата Грдовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибање, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново Облешево.

II.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службениот гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-383/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

## ПРОГРАМА

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНИКАЦИЈА НА ОПШТИНА КОЧАНИ ЗА 2025 ГОДИНА

I.

Во Програмата за комуникација на Општина Кочани за 2025 година, бр.09-1777/1 од 04.12.2024 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.15/2024) се вршат слените измени и дополнувања:

1. Табелата Активности, оперативни и технички трошоци се менува и се дополнува со точка „3. Трошоци за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со износ 300.000 денари, (А0 и Е0)“.

2. Разделот ВКУПНО во табелата Активности, оперативни и технички трошоци, кој гласи: „ВКУПНО: 650.000 денари“, се менува и гласи: „ВКУПНО: 950.000 денари.“

II.

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комуникација на Општина Кочани за 2025 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-385/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

## ОДЛУКА

## за сопствено учество - кофинансирање на проектот „Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР)“

Член 1

Општина Кочани ќе го кофинансира проектот „Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР)“, кој Центарот за развој на Источен плански регион ќе го аплицира за финансирање од Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година.

Член 2

Во рамки на овој проект се вклучени повеќе општини, а Општина Кочани учествува со проектот "Енергетска ефикасност на фасада на ООУ "Раде Кратовче" - Општина Кочани". Вкупниот буџет за реализација на овој проект е во износ од 4.570.770,00 денари со вклучен ДДВ, од кои 4.113.693,00 денари или 90% се средства обезбедени од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година, а максималниот износ за кофинансирање од страна на општина Кочани е во износ од 457.077,00 денари или 10%.

Износот од 457.077,00 денари, Општина Кочани ќе го трансферира на сметката на носителот на Проектот, Центар за развој на Источен плански регион – Штип.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кочани".

Бр.09-378/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), а во врска со членот 3 став 1 точка 4, членот 6 и членот 7 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија" број 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018, 244/2019, 82/2020,53/2021 ,77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/2024 и 37/2025), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 26.02.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност за примање донација од КЈП„Водовод"- Кочани- Основен проект за атмосферска канализациона мрежа за дел од Град Кочани (северно од Фабриката Руен и Атом)

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за примање на донација од КЈП„Водовод"- Кочани- Основен проект за атмосферска канализациона мрежа за дел од Град Кочани (северно од Фабриката Руен и Атом).

Член 2

Вредноста на донацијата изнесува 477.600,00 денари без ДДВ.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-379/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со членот 3 став 1 точка 4, членот 6 и членот 7 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018, 244/2019, 82/2020,53/2021 ,77/2021, 150/202, 1173/2022, 170/2024 и 37/2025), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 26.02.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност за примање донација од Друштво за трговија и услуги ЕЛЕКТРИКА ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за примање на донација од Друштво за трговија и услуги ЕЛЕКТРИКА ДООЕЛ увоз-извоз Кочани- Основен проект за реконструкција на стари и проектирање на нови улични места во склоп на Викенд населба „Пониква“- Општина Кочани, технички број 02-12/24.

Член 2

Вредноста на донацијата изнесува 150.000,00 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-380/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и членот 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 101/19, 275/19 и бр. 122/21), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за изменување и дополнување на одлуката за давање на трајно управување и користење без надомест на движни ствари на КЈП „Водовод“ – Кочани

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на одлуката за давање на трајно управување и користење без надомест на движни ствари на КЈП „Водовод“ – Кочани бр.09-1905/1 од 26.12.2024 година и тоа во членот 1 наместо табелата:

| РБ | Опис на движна ствар | Моќност (kW) | Количина | Сметководствена вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Фотонапонска централа инсталирана на фабриката за вода | 210 | 1 | 3.699.877,98 МКД |

се заменува со следната табела:

| РБ | Опис на движна ствар | КП | ИЛ | КО | Моќност (kW) | Количина | Сметководствена вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Фотонапонска централа инсталирана на фабриката за вода | 9982/2 | 10 | Кочани | 210 | 1 | 3.699.877,98 МКД |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-381/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и членот 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 101/19, 275/19 и бр. 122/21), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за изменување и дополнување

на одлуката за давање на трајно управување и користење движна ствар две фотоволтаични централи со моќност од 440kw и 120kw и опрема за намалување на загубите за вода, на КЈП „Водовод“- Кочани, без надоместок

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на одлуката за давање на трајно управување и користење движна ствар две фотоволтаични централи со моќност од 440kw и 120kw и опрема за намалување на загубите за вода, на КЈП „Водовод“- Кочани, без надоместок бр.09-1774/1 од 04.12.2024 година и тоа во членот 1 наместо текстот:

- две фотоволтаични централи со моќност од 440kw и 120kw со вредност 25.038.950 денари без ДДВ
- опрема за намалување на загубите на вода со вредност 4.315.000 денари без ДДВ

се заменува со следниот текст:

- две фотоволтаични централи инсталирани на КП 802 заведена во ИЛ 591 за КО Мојанци и тоа на зграда бр. 15 со моќност од 440kw и на зграда бр 13 со моќност од 120kw со вкупна вредност од 22.488.950 денари без ДДВ
- еден трансформатор со вредност 2.550.000 денари без ДДВ
- опрема за намалување на загубите на вода и тоа:

- волуметриски водомери ¾ "- 350 бр. со вкупна вредност од 1.855.000 денари без ДДВ
- логер на шум – 1 комплет од 15 уреди со вредност од 2.020.000 денари без ДДВ
- додаток за трасер GOK 50-R-45 Flex Probe 50m, 4,5 mm, with rack and pig – 1 број со вредност од 140.000 денари без ДДВ.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-382/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 26, алинеја 1, точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 122/2021, 111/2023 и 208/2024) и согласно членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и

Службен весник на Република Северна Македонија” бр.208/2002), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 26.02. 2025 година, донесе

О Д Л У К А
за дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за 2025 година

Член 1

Во Одлуката за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за 2025 година, објвена во („Сл. гласник на Општина Кочани“ бр.1/25), по точка 69 се додаваат точка 70, точка 71, точка 72 и точка 73кои гласат:

Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од собирна улица „Никола Карев“, дел од градска магистрална улица „Новопланирана 1”, Сервисна улица „Новопроектирана 4“, Сервисна улица „Новопроектирана 5“, Сервисна улица „Новопроектирана 6“ и Сервисна улица „Новопроектирана 7“;

Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улица „Генерал Апостолски“ во Оризари;

Експропријација за атмосферска канализациона мрежа за град Кочани северно од фабрика Руен и поранешен АТОМ КО Кочани;

Експропријација за дел од потисен цевковод од Јазол 4 км 3 +550.20 до изливен базен на препумпна станица.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-384/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственсот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за дополнување на Одлуката за давање на трајно користење, одржување и управување, без надоместок на објект „Детелинки“ со седиште во Кочани на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани, општина Кочани

Член 1

Во Одлуката за давање на трајно користење, одржување и управување, без надоместок на објект „Детелинки“ со седиште во Кочани на Јавната општинска установа за деца –

Детска градинка „Павлина Вељанова“ во Кочани, општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.--/2024), во членот 1 ставот 2 се менува и гласи:

„Објектот „Детелинки“ е со седиште на ул.„533“ во Кочани, заведен во ИЛ бр.20466 на КП бр.13008/62, со површина од 1011,64 м2 и двор од 2510 м2 , во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Вељанова“ во Кочани“.

- После членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

Вредноста на објектот изнесува 57.334.950,91 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-386/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во согласност со член 12 и 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија бр. 54/2012,17/2013,21/2013 и 142/2014 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

Одлука
за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2025

Член 1

Со оваа одлука се утврдуват просечните цени на градежното и земјоделското земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2025 година а врз основа на просечната цена од извршените купопродажби во 2024 година. Истата е во согласност со Одлуката за определување на пазарни зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Кочани и разграничувањето по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште Кочани бр.09-1996/1 од 14.11.2023 г.

Член 2

Просечните цени на градежното и земјоделското земјиште за подрачјето на општина Кочани утврдени со оваа одлука се основа за пресметување на даноците на имот,наследство, подарок и промет на недвижности во управна постапка пред органите на општина Кочани

Член 3

Во долу наведените табели е даден преглед со пресметана просечна цена на градежно и земјоделско земјиште изразена во денари по метар квадратен:

Земјоделско земјиште запишано во Имотните листови за :
К.О. Кочани, К.О. Оризари, К.О. Прибачево, К.О. Грдовци,Мојанци, К.О. Г.Подлог, К.О. Д.Подлог, К.О. Мојанци, К.О. Тркање, К.О. Бели, К.О. Нивичани.

| | 1-ва класа | 2-ра класа | 3-та класа | 4-та класа | 5-та класа | 6-та класа | 7-ма класа | 8-ма класа | неплодно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оризна нива | 28 | 30 | 55 | 31 | 55 | 22 | 18 | 102 | 3 |
| Ниви | 43 | 39 | 28 | 49 | 37 | 15 | 12 | 12 | 3 |
| Интензивен овоштарниk | 45 | 45 | 37 | 31 | 25 | 14 | 13 | 6 | 3 |
| Интезивни лозја | 62 | 21 | 67 | 43 | 54 | 31 | 25 | 18 | 18 |
| Градини | 68 | 59 | 55 | 49 | 43 | 37 | 31 | 23 | 3 |
| Ливади | 18 | 15 | 129 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 3 |
| Шуми | 18 | 15 | 34 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 3 |
| Пасишта | 12 | 11 | 11 | 23 | 7 | 6 | 5 | 4 | 3 |

Земјоделско земјиште во ридско планинските подрачја запишано во Имотните листови за :К.О. Пантелеј, К.О.Пашаџиково, К.О.Г.Градче, К.О.Црвена нива, К.О.Рајчани, К.О.
Јастребник, К.О.Полаки, К.О.Вранинци, К.О.Безиково, К.О.Пресека, К.О.Новосело, К.О.Костиндол,Речани,Главовица, К.О.Небојани.

| | 1-ва класа | 2-ра класа | 3-та класа | 4-та класа | 5-та класа | 6-та класа | 7-ма класа | 8-ма класа | неплодно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниви | 31 | 22 | 18 | 15 | 437 | 9 | 9 | 18 | 3 |
| Интезивен овоштарник | 34 | 34 | 25 | 22 | 18 | 15 | 20 | 9 | 3 |
| Интезивни лозја | 34 | 49 | 43 | 37 | 31 | 25 | 18 | 12 | 3 |
| Градини | 34 | 25 | 18 | 12 | 6 | 6 | 6 | 6 | 3 |
| Ливади | 18 | 15 | 12 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 3 |
| Шуми | 37 | 15 | 170 | 9 | 9 | 34 | 9 | 9 | 3 |
| Пасишта | 18 | 11 | 25 | 8 | 7 | 6 | 5 | 4 | 3 |

| | |
|---|---|
| ПРВА ЗОНА | 7973 |
| ВТОРА ЗОНА | 191 |
| ТРЕТА ЗОНА | 1199 |
| ЧЕТВРТА ЗОНА | 527 |
| ПЕТА ЗОНА | 323 |
| ШЕСТА ЗОНА | 1000 |

3. *Градежно земјиште*

За земјоделското и градежното земјиште за кое по зони, групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на општина Кочани нема податоци за извршени купопродажби во текот на 2024 г.,просечната цена е определена врз основа просечниот надоместок за метар квадратен експроприрано земјоделско земјиште на подрачјето на општина Кочани и врз основа на споредбените податоци за земјоделското земјиште,шумите и пасиштата како и градежните земјишта кои се во промет во општините кои се соседни на општина Кочани.

Член 4

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани бр. 09-290/1 од 26.01.2024 година, објавена во „Службен гласник на општина Кочани“ бр.01/2024

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-387/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 26, став 4 од Законот за основно образование („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 76/2020, 229/2020 и 3/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за давање позитивно мислење на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Малина Попиванова“- Кочани

I.

Се дава позитивно мислење на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Малина Попиванова“- Кочани, донесена од Училишниот одбор на ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани бр.02-52/1 од 27.01.2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-375/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и согласно членот 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр. 19-2250/1 од 05.03.2013 и бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година, Советот на

Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за давање позитивно мислење на Програми за изведување ученички екскурзии и други слободни ученички активности во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани во учебната 2024- 2025 година

I.

Советот на Општина Кочани дава позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии и други слободни ученички активности во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани во учебната 2024- 2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-377/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

во врска со Извештај за работењето на Надзорно тело за вршење мониторинг и давање поддршка при реализација на Програмата за јавна чистота и третманот на отпад на територија на општина Кочани, изнесен усно на седницата

I.

1. Советот на Општина Кочани го задолжува КЈП„Водовод“- Кочани за наредна седница на Советот на Општина Кочани да изготви и да достави Годишен план за вработување во 2025 година, во кој ќе влезат неопходни работници како: метачи, возачи, во кој ќе нема предлози за вработување во администрација и да предвидат сезонски (времено вработени) работници за 2 месеци и тоа: мај и јуни 2025 година.

2. Општината да изнајде механизми како да дојде до помош од Владата

3. До Надзорното тело да биде доставена информација од Управниот одбор за депонијата во Мечкуевци и да се достават сите записници од одржаните седници.

4. Општината да даде информација до каде е со набавката на возилото за депонијата.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објавуви во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-388/1
26.02.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

# С О Д Р Ж И Н А

1. Програма за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2025 година, Бр.09-383/1
Стр.3

2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за комуникација на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-385/1
Стр.4

3. Одлука за сопствено учество - кофинансирање на проектот „Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР)“ , Бр.09-378/1
Стр.4

4. Одлука за давање согласност за примање донација од КЈП„Водовод“- Кочани- Основен проект за атмосферска канализациона мрежа за дел од Град Кочани (северно од Фабриката Руен и Атом) , Бр.09-379/1
Стр.5

5. Одлука за давање согласност за примање донација од Друштво за трговија и услуги ЕЛЕКТРИКА ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, Бр.09-380/1
Стр.6

6. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за давање на трајно управување и користење без надомест на движни ствари на КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09-381/1
Стр.6

7. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за давање на трајно управување и користење движна ствар две фотоволтаични централи со моќност од 440kw и 120kw и опрема за намалување на загубите за вода, на КЈП „Водовод“- Кочани, без надоместок, Бр.09-382/1
Стр.8

8. Одлука за дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-384/1
Стр.8

9. Одлука за дополнување на Одлуката за давање на трајно користење, одржување и управување, без надоместок на објект „Детелинки“ со седиште во Кочани на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани, општина Кочани, Бр.09-386/1
Стр.9

10. Одлука за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2025, Бр.09-387/1
Стр.10

11. Заклучок за давање позитивно мислење на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Малина Попиванова“- Кочани Бр.09-375/1
Стр.12

12. Заклучок за давање согласност на Одлука за измени и дополнување на статутот на

ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани Бр.09-376/1

Стр.12

13. Заклучок за давање позитивно мислење на Програми за изведување ученички екскурзии и други слободни ученички активности во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани во учебната 2024-2025 година, Бр.09-377/1

Стр.12

14. Заклучок во врска со Извештај за работењето на Надзорно тело за вршење мониторинг и давање поддршка при реализација на Програмата за јавна чистота и третманот на отпад на територија на општина Кочани, изнесен усно на седницата, Бр.09-388/1

Стр.13